# Извештај

## од анкетниот on line прашалник за доставување на предлози за буџетот на Општина Богданци за 2022 година и организираните средби со ѓраѓаните – јавни трибини по населени места

Општина Богданци во фазата на подготвување на Буџетот за 2022 година.а се со цел да се овозможи поголема вклученост на граѓаните и граѓанските организации при неговото креирање, на страната на општината беше поставен он лине анкетен прашалник со цел сите граѓани да земат активно учество во креирање на иститот.

На овој начин се овозможите поголема информираност на локалната самоуправа за вистинските проблеми и создавање на Буџет кој ќе ги задоволи најголемиот дел од потребите на граѓаните.

На Он лине анкетниот прашалник одговор дадоа 55 испитаници од цела општина од кои најголем дел беа жители на населеното место Богданци односно 85% од кои 51,9 % од женскиот пол.

Од пристигнати предлози најголем дел беа во делот на комуналната хигиена (косење на банкини, редовно одложување на комуналниот отпад, како и во делот на изградба на улици и патишта.

Голем дел од пристигнатите одговори и предлози беа насочени и во делот на образованието и културата односно одржување на повеќе културни настани, одржување на спортски манифестации со цел привлекување на младите да спортуваат.

Истовремено Градоначалникот на општина Богданци оствари средби со граѓаните по населените места, со следниот распоред:

- 15.11.2021 година во периодот од 18:00 до 19:00 часот во с. Стојаково ( во ресторантот) беше предложен проблемот со неасфалтирани сокаци каде градоначалникот даде одговор дека истите ќе бидат вметнани во буџетот за 2022 и 2023 година
- **16.11.2021 година од** 18:00 до 19:00 часот во с. Ѓавото ( во основното училиште ) да се реконструира локалниот пат од Шимов до Гавото
- **17.11.2021 година од** 18:00 до 19:00 часот во с. Селемли (во основното училиште) се стави приоритет на улицата околу продавницата.

- **18.11.2021 година** 18:00 до 19:00 часот во Богданци ( Дом на култура „Бранд Петрушев) се предложи да се подобри комуналната хигиена редовно да се собира сметот и пред се да се подобри и да се вложи во подигање на свеста на лугето во тој дел, како и асфалтирање на сите неасфалтирани улици во Богданци.

Сите реално остварливи предлози, идеи, во рамки на можностите на општина Богданци ќе видат интегрирани во буџетски програми за 2022 година.

Организацијата на средбите по населените места ќе биде согласно важечките прописи за COVID 19.

18.11.2021 година

Записничар

Симона Савиќ

Савиќ С

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ГРАДОНАЧАЛНИК БОГДАНЦИ ОПШТИНА БОГДАНЦИ